класификациона варијабла е применет родот. Групите се споредуваат во обележјата на набљудување добиени со Индекс на острина на зависност. Резултатите потврдуваат значајна разлика во однос на роднини по мајка со проблем на зависност или психички проблеми, што се должи на поголем број на двајца роднини (мајка и вујко) кај женските и поголем број на еден од овие кај машките, како и поголем број на дедовци со вакви проблеми помеѓу женските. Високо значајна разлика е добиена за роднините по татко со вакви проблеми, а се должи на поголем број на двајца роднини (татко и чичко) кај женските и чичко кај машките. Високо значајно се разликува и видот на проблемите што ги имаат роднините по татко, односно поголем број машки имаат роднини алкохоличари, а поголем број женски имаат роднини со двојна дијагноза или психички проблеми. Значајна разлика има и во потекло од некомплетно семејство во корист на женските.

P-193

## АЛКОХОЛИЗМОТ КАКО СОЦИОПАТОЛОШКА ПОЈАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Илиевска Л.**, Рајчановска Д.
ЈЗУ Здравствен дом -Битола

**Вовед**: Алкохолизмот е најраширена дрога и најтолерирана токсикоманија, а алкохолот е легална дрога, лесно достапна и присутна во сите згоди и незгоди. Алкохолизмот е социопатолошка појава која е во подем не само во светски рамки туку се повеќе е зголемен бројот на регистрирани алкохоличари во нашата земја. Посебно е зачестен кај младата популација и возрасната граница за почнување на пиење алкохол е на 12 -13 год и се повеќе се снижува.

**Цел на трудот:** Согледување на степенот на последиците и лошиот исход од алкохолизмот како што се: нарушување на здравјето, психички потешкотии, намалена работоспособност и продуктивност во работата, чести боледувања, инвалидност, престапничко и криминално поведение.

**Материјал и методи:** Истражувањето е направено на 100 пациенти кои се лекуваат од алкохол во Психијатриска болница "Скопје" и на 50 испитаници со направено кривично дело под дејство на алкохол во Затворот во "шуто Оризари" и Казнено поправната установа "Идризово". Користени беа следните техники: интрвју, анкетен лист специјално направен за ова истражување, беа користени податоците од медицинската документација во болницата "Скопје" во Скопје, а за испитаниците во затворите имавме увид во судските пресуди за направените кривични дела, и напоредно беше користен анкетен лист и интервју со секој испитаник.

**Резултати:** Од вкупно 150 испитаници 78 (48%) актуелно немаат работа. Од нив 29 (20%) се технолошки вишок, 12 (7%) се водат како стечајни работници, а дури 31(21%) се невработени. Семејните прилики кај алкохоличарите се доста сложени и комлицирани. Во брак се 99 (66.0%) испитаници, актуелно не се во брак 41 (27.33%). Со повеќе бракови се 10 (6.67%) испитаници. Додека разводи имаат 34 (31.19%) испитаници. Исто така во вонбрачни заедници живеат 24 (16.0%) испитаници. Со многу ниски примања, 30 (20%) испитаници земаат под 1000 месечно. Исто така дури 55 испитаници (36.67%) месечно примаат од 1000 до 2000 денари. Додека пак, 38 (25.33%) од испитаниците земаат месечно од 2000 до 3000 денари по член на семејство. Просечно од 3000 до 4000 по член на семејство земаат 16 (10.67) испитаници. Евидентно е дека преку 90% од испитаниците едвај го преживуваат месецот, што се потврдува и статистички. Криминални дела извршени во алкохолизирана состојба заради кои беа осудувани испитаниците беа следните: сообраќајни незгоди 52 (48.6%), убиства 12 (11.21%), силувања 2 (1.87%), обид за силување 1 (0.93%), пироманство 2 (1.87%), измами 4 (3.74%), разбојништва 8 (7.48%), кражби 7 (6.54%) и тепачки 19 (17.76%

**Заклучок:** Потребно е поголемо учество на општествените фактори за делување на планот на превенцијата и тоа превентивно преку училишни активности, предавања, јавни трибини, телевизиски емисии, написи во печатени медиуми, со цел да се подигне свеста кај луѓето за опсноста од консумирање на алкохолот, особено кај нашите млади генерации. Од неопходна важност е донесување на Национална програма и стратегија за спречување на алкохолизмот во кој ќе бидат вклучени сите релевантни фактори, институции и организации со цел превенција на алкохолизмот и социјална ресоцијализација на лицата кои консумираат алкохол.

P-194

## ХЕПАТИТИС Ц КАЈ ПАЦИЕНТИ ВКЛУЧЕНИ НА МЕТАДОНСКИ ПРОГРАМ ВО СПТЗД - ШТИП

**Илиевска С.**, Панова В.
СПТЗД - ЈЗУ Општа болница-Штип

**Вовед** Хепатитис Ц е крвно-трансмисивно вирусно заболување. Пациентите вкучени во метадонски програм во СПТЗД - Штип се лица кои биле или сеуште се интравенски корисници на психоактивни супстанци. Самото тоа претставува еден вид на ризично однесување кое води до инфекција со хепатит Ц-вирусот.

**Цел:** Целта на ова истражување е да се утврди застапеноста на инфективното заболување